Врз основа на член 47 од Законот за научно-истражувачка дејност, Советот на Институтот за социјални иновации на 1-та седница одржана на ден 02.03.2020 година, го донесе следниов

# ПРАВИЛНИК
## за обезбедување квалитет на Институтот за социјални иновации

### Член 1

Правилникот за обезбедување квалитет ги уредува политиката, целта, намената, принципите, подрачјата, како и структурата и делувањето на системот за обезбедување квалитет на Институтот за социјални иновации (во понатамошниот текст Институт).

### Член 2

Политиката на квалитет на Институтот претставува основа за унапредување на функционирањето и развојот преку јакнење на институционалниот капацитет за успешно прилагодување на потребите на општеството и проактивно реагирање на процесите на промени.

Политиката на квалитет е континуирано градење, подобрување и ширење на културата на квалитет и негување, поттикнување и развој на позитивните вредности во реализацијата на научно-истражувачката дејност и во поширокото општествено опкружување, преку востановен систем кој се однесува на сите институционални структури, политики, процеси, внатрешни и надворешни чинители.

Политиката на квалитет се одразува во стратешките планови и цели и се спроведува во различните области на институционалното работење во согласност со поставените национални и меѓународни стандарди и насоки за квалитет, што треба да бидат комплементарни.

### Член 3

Основната цел на системот за обезбедување квалитет е постигнување на највисок степен на квалитет во високообразовната, научно-истражувачката и стручно-применувачката дејност, како и стручната и административната работа на Институтот.

Основен услов е критичкото согледување на состојбите на Институтот во приоритетните области определени со овој Правилник и промовирањето култура на квалитет во сите сфери на работење на Институтот.

### Член 4

Намената на системот за обезбедување на квалитет е воспоставување на начела, критериуми, процедури, постапки и методи за обезбедување на квалитетот, почитувајќи ги притоа одредбите од Законот за научно-истражувачка дејност, Законот за високото образование, Статутот и другите акти на Институтот.

Стандардите и насоките за обезбедување квалитет во научно-исртражувачката дејност и високото образование усвоени од европските институции и други организации и асоцијации за нивно воспоставување и примена, како и упатствата за евалуација на високото образование во европскиот простор, се основни постулати на системот за квалитет.

**Член 5**

Принципите на системот за обезбедување квалитет во работењето на Институтот се:

- Институтот ја носи примарната одговорност за обезбедување и оценување на квалитетот на неговите услуги;
- Институтот го препознава и обезбедува интересот на општеството за квалитет во научно-истражувачката дејност и високото образование;
- Институтот ја промовира и поддржува културата на квалитет во научно-истражувачката дејност и високото образование;
- Институтот обезбедува можности за демонстрирање на квалитетот во научно-истражувачката дејност и високото образование во национален и интернационален контекст;
- Институтот го развива и унапредува квалитетот на своето работење во согласност со потребите на сите засегнати внатрешни и надворешни чинители во научно-истражувачката дејност и високото образование;
- Институтот обезбедува ефикасни и ефективни организациски структури како рамка во којашто се реализираат и поддржуваат високообразовната, научно-истражувачката и стручно-применувачката дејност, како и стручната и административната работа;
- Институтот обезбедува транспарентност на сите постапки во рамките на системот за обезбедување квалитет.

**Член 6**

Подрачјата на внатрешно обезбедување и унапредување на квалитетот во работењето на Институтот се:

1. **Организациски менаџмент и изведување** (развој и стратегија на високообразовните и научно-истражувачките установи; управување, внатрешно обезбедување на квалитетот и култура на квалитетот; човечки ресурси; информациски системи; финансиски менаџмент)
2. **Настава и учење** (процедури за обезбедување квалитет на студиските програми, односно процедури за предлагање, прифаќање, следење и спроведување на студиските програми; квалитет на академскиот кадар; процедури за оценување на студентите; процедури за соодветно информирање на студентите; квалитет на материјално-техничките ресурси; меѓународна соработка)
3. **Истражување, развој и / или креативни активности** (стратешко планирање на научнсо-истражувачката дејност; континуиран мониторинг на научно-истражувачката дејност; систем на поддршка на научно-истражувачката дејност; науката како поддршка на стопанството; систем на финансирање на научно-истражувачката дејност; супервизија на студентското истражување и докторските студии; оценување на квалитетот на академскиот кадар на високообразовните и научно-истражувачките установи, во согласност со научно-истражувачките подрачја од меѓународната Фраскатиева класификација; евиденција за резултатите од реализацијата на практична примена од научно-истражувачката, развојната и апликативната дејност)
4. **Општествената оправданост** (информација за јавноста; стратегиски цели за доживотно учење и акционен план и програми за учење на далечина; популаризација на научно-истражувачките / креативните активности и

вклучување на високообразовните и научно-истражувачките установи во општествениот развој).

**Член 7**

Процедурите и активностите опфатени во системот за обезбедување квалитет, заради обезбедување и унапредување на квалитетот во работењето на Институтот и единиците, се регулирани во следните акти:

- Статутот на Институтот
- Правилник за обезбедување квалитет на Институтот
- Упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на Институтот и
- други акти на Институтот.

**Член 8**

Структурата на системот за обезбедување квалитет ја сочинуваат и неговото делување го реализираат тела на Институтот коишто меѓусебно соработуваат во спроведувањето на постапките за обезбедување и унапредување на квалитетот во работењето и тоа:

- Комисија за самоевалуација на Институтот
- Совет на Институтот, и
- Стручна и административна служба на Институтот.

**Член 9**

Системот за обезбедување квалитет овозможува континуирано следење на квалитетот во работењето на Институтот и негово обезбедување, преку:

- Самоевалуација
- Рангирање
- Други постапки и процедури.

**Член 10**

Евалуацијата се врши преку евалуациони методи како надворешна евалуација, самоевалуација, како и преку системот на оценување на квалитетот на научно-истражувачкиот и академскиот кадар.

**Член 11**

Самоевалуацијата на Институтот се спроведува на интервали од најмногу три академски години, врз основа на Упатството за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на Институтот и овој Правилник, кои ги донесува Советот на Институтот.

Резултатите од самоевалуацијата се составен дел на Извештајот за самоевалуација, и задолжително се доставуваат до Министерството за образование и наука, кое изготвува интегрален извештај за резултатите од самоевалуацијата за приватните научни установи.

Резултатите од самоевалуацијата се објавуваат и на веб страницата на Институтот.

**Член 12**

Самоевалуационата постапка на Институтот ја спроведува Комисијата за самоевалуација на Институтот.

Комисијата за самоевалуација на Институтот, ја сочинуваат претставници од редот на вработените.

Мандатот на членовите на Комисиите за самоевалуација на Институтот трае 4 (четири) години, со можност за повеќе мандати.

Комисијата за самоевалуација на Институтот, може да одлучува доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број членови на Комисијата, а одлучува со мнозинство гласови од присутните членови.

**Член 13**

Комисијата за самоевалуација на Институтот е составена од 5 (пет) члена, од кои 2 (два) се избираат од редот на научниот кадар, 1 (еден) од редот на адмиинистративниот кадар и 2 (два) претставници на Основачот.

Членовите на Комисијата за самоевалуација ги избира Советот со тајно гласање.

При изборот на членовите на Комисијата се обезбедува соодветна застапеност на сите научни подрачја на Институтот.

Со Комисијата за самоевалуација на Институтот раководи претседател избран од редот на научниот кадар, кој ги свикува и раководи со седниците.

**Член 14**

Комисијата за самоевалуација на Институтот изготвува извештај за резултатите од самоевалуацијата, со оцена на состојбата и со предлози за подобрување во подрачјата на внатрешното обезбедување и унапредување на квалитетот во работењето, на интервали од најмногу 3 (три) години, за периодот од една до друга спроведена постапка за самоевалуација.

**Член 15**

Административно-техничката поддршка на Комисијата за самоевалуација на Институтот ја дава стручно-административната служба на Институтот.

**Член 16**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во Билтенот на Универзитетот.

**Претседател на Совет**

**Проф. д-р Зоран Костов**